Бр./Nr 12-770/7
16-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2972/1 од 20.11.2024 година и кон него споениот предмет 12-1574/1 од 22.05.2025 година, оформени по пријави во која се изнесени наводи за сомневање дека лицето --------------------- незаконски е именуван за в.д директор на ООУ „---------------------“ во -----------, од страна на Градоначалникот на Општина --------, -----------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај, од причина што постапил друг надлежен орган, кој за утврдената фактичка состојба донел акти за надминување на констатираните неправилности и по кој субјектот на надзорот постапил.

Предметот со број 12-2972/1 од 20.11.2024 година и кон него споениот предмет 12-1574/1 од 22.05.2025 година да се затворат и да се архивираат.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава со број 12-2972/1 од 20.11.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско именување на лицето ------------------- за в.д директор на ООУ „---------------“ во --------------, од страна на Градоначалникот на Општина ------------.
Воедно, подносителот во пријавата наведува дека горенаведеното лице две години без прекин бил именуван за вршител на должноста директор на ООУ „------------------“ во --------- од страна на Градоначалникот на Општина --------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Кон предметот е споен предмет 12-1574/1 од 22.05.2025 година, од причина што се работи за исти предметни наводи во врска со именување на лицето --------------- во ООУ „---------- ------------“ во ------------- и заради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавите, ДКСК во два наврати се обрати до Државниот просветен инспекторат, по што на 15.07.2025 година доставено е Известување со прилог документација, од кое е констатирано следното:

На ден 16.05.2025 година, Државниот просветен инспекторат извршил вонреден инспекциски надзор во ООУ „--------------------“ во ----------, каде утврдил дека на денот на надзорот, Градоначалникот на Општина ---------------- го именувал лицето --------------------, дипломиран професор по англиски јазик за в.д директор на училиштето, со Решение со бр.---------/-- од 16.05.2025 година согласно член 118 став 3 од Законот за основно образование бр.161/2019, 229/2020 и бр.75 од 2025 година (бидејќи во училиштето немало наставник кој ги исполнувал условите за директор).

ДПИ утврдил дека лицето ----------------, дипломиран професор по физичко и здравствено образование, прв пат бил назначен за в.д директор на ООУ „-----------------“ во --------------, со Решение со бр.--------/-- од 08.02.2023 година од страна на Градоначалникот, спротивно на член 118 став 1 од ЗОО бр.161 од 2019 и 229 од 2020 година (бидејќи немало наставник кој ги исполнувал условите за директор) и необјавување на оглас во рок од 5 дена, спротивно на член 118 став 2 од ЗОО бр.161 од 2019 и бр.229 од 2020 година (бидејќи немало наставник кој ги исполнувал условите за директор). Лицето ---------------- бил в.д директор во училиштето се до објавување на оглас до 09.10.2023 година.
Со одлука на Градоначалникот на Општината со бр----------/-- од 09.10.2023 година, Училишниот одбор објавил оглас за директор од 12.10.2023 година, на кој се пријавил лицето ------------------, како единствен кандидат и истиот не ги исполнил условите за директор.
Со Решение бр.---------/--- од 15.11.2023 година, горенаведениот е избран за директор со мандат од една година, согласно член 109 став 4 од ЗОО бр.161 од 2019 година.
Пред истекот на една година од мандатот, директорот ------------ поднел неотповиклива оставка и се вратил на работното место, наставник по физичко образование.
Со Решение бр.--------/-- од 20.11.2024 година, Градоначалникот го именувал ----------------- за в.д директор на предметното училиште, согласно член 118 став 1 бр.161 од 2019 и 229 од 2020 година, бидејќи немало наставник кој ги исполнило условите за директор.
Градоначалникот на Општина ----------- спротивно на член 118 став 2 од ЗОО, со задоцнување донел Одлука со бр.----------/-- од 03.12.2024 година, за да може училишниот одбор да објави оглас за директор.

Во периодот додека течела постапката за избор на директорот, претседателот на Училишниот одбор поднел оставка, поради што се поништил огласот, а пријавените кандидати меѓу кои и кандидатот ---------------- биле известени за поништувањето и им биле вратени документите.
Градоначалникот го разрешил в.д директорот -------------- со Решение бр.----------/-- од 16.05.2025 година, по основ на поднесена оставка.

На ден 24.06.2025 година бил извршен контролен надзор и било констатирано следното: Училиштето избрало, од редот на наставниците и стручните соработници, членови на Училишниот Одбор; Градоначалникот на Општина ----------- го известил ДПИ со Известување бр.---------/-- од 23.06.2025 година, дека донел Одлука за распишување на оглас во горенаведеното училиште со бр.---------/-- од 12.06.2025 и дека во училиштето не се избрани членови од редот на родителите согласно член 107 став 2 од ЗОО.
Бидејќи е констатирано делумно постапување по издаденото решение со опомена бр.------- од 11.06.2025 година, ДПИ на училиштето му издал Решение со задолжување за постапување со бр.----------- од 25.06.2025 година.
На ден 10.07.2025 година, ДПИ спровел контролен надзор во ООУ „--------------------“ ------------, заради проверка дали е постапено по решението со задолжување бр.---------- од 25.06.2025 година и констатирал дека училиштето постапило по горенаведеното решение, со тоа што Советот на родителите избрал свои преставници во Училишниот одбор со тајно гласање.
Исто така, ДПИ му укажувал на училиштето откако ќе го конституира Училишниот одбор, да започне постапка за објавување на оглас за избор на директор согласно член 108 од ЗОО бр.161/2019, 229/2020 и бр.75/2025.

На ден 18.07.2025 година, ДКСК се обрати до училиштето и побара да се достави информација и документација, дали училиштето постапило по Укажувањето на ДПИ, односно дали е објавен Оглас за избор на директор.

Во врска со горенаведеното, училиштето достави Одговор со бр.--------/-- од 31.07.2025 година до ДКСК, во кој наведува дека Училишниот одбор одржал вонредна седница, на која била донесена одлука, во рок од пет дена од денот на одржувањето на седницата да започне постапка за објавување на оглас за избор на директор.
ДКСК ова го потврди од увидот во Одлуката за објавување на јавен оглас за избор на директор во ООУ „---------------------“ -----------, со бр.----------- од 22.07.2025 година, која е доставена од страна на ООУ „----------------------“ ------------ во прилог на Одговорот.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека за предметниот случај, во повеќе наврати постапил друг надлежен орган (Државниот просветен инспекторат), кој ја утврдил фактичката состојба и донел акти за надминување на констатираните неправилности и редовно ја следел постапката за отстранување на истите од страна на субјектот на надзорот преку контролни надзори. Воедно, од страна на субјектот на надзорот е постапено по укажувањата на инспекторатот и бил објавен оглас за избор на директор на предметното училиште. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК